HALKBANK

## Информации за обработка на лични податоци при користење на Халк Моби ПОС

**Халк Моби ПОС** е Android апликација која што го претвора Android телефонот во преносив ПОС терминал за извршување на бесконтактни плаќања.

Клиентите можат да плаќаат (да иницираат платежна трансакција) преку Халк Моби ПОС апликацијата инсталирана од Трговецот (кој претходно има склучено договор со Халк банка) на ист начин како и преку вообичаен ПОС треминал (со тоа што оваа апликација прифаќа само бесконтактни трансакции - со или без ПИН).

Плаќањата на Моби ПОС можат да се извршат со сите картички издадени од Mastercard и Visa како и со останати уреди за плаќање- мобилен телефон, часовник, прстен, алка, привезок итн.

За цели на плаќање преку **Халк Моби ПОС**, Ве информираме за следното:

### Кој врши обработка на Вашите лични податоци?

Халк банка и Трговецот кој ја инсталирал и ја користи Моби ПОС апликацијата, се посебни контролори во смисла на одредбите од Законот за заштита на личните податоци и се самостојно одговорни за постапување согласно прописите за заштита на личните податоци при одделените операции на обработка на лични податоци кои ги вршат.

**Контролор**: Халк банка АД Скопје, со седиште на бул.„Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 Скопје, Република С.Македонија, тел. 023 240 800, www.halkbank.mk

**Контакт на офицерот за заштита на личните податоци**: Privacy.Officer@halkbank.mk

**(Засебен) Контролор**: Трговецот кој ја инсталирал и ја користи Моби ПОС апликацијата, по претходно склучен договор со Халк банка АД скопје, каде што се врши плаќање (трансакција).

Имателот на картичката може да ја добие потврдата за наплата преку СМС-порака, преку електронска пошта, преку апликацијата Вибер или преку која било друга апликација што е овозможена на телефонот и за која имателот на картичката дал свои информации за контакт.

Следствено на наведеното, трговецот е контролор на личните податоци на клиентите (како телефон, емаил) и ги има обврските и одговорностите во својство на контролор согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Трговецот е должен да ја почитува доверливоста на онаа информација која не се јавува како општо достапна и чие разгласување може да доведе до загуба или нарушување на деловната репутација, а тука спаѓаат: приватноста на имателот на платежната картичка, бројот на платежна картичка, состојбата на платежната сметка, информации за платежните трансакции, за одредените лимити на платежните картички, за тарифната политика на Банката и други податоци кои му стојат на располагање пред или по плаќањата со платежната картичка.

Трговецот кој ја инсталирал и ја користи Моби ПОС апликацијата има можност на клиентот да му достави потврда за извршена трансакција преку различни канали, како што се е-пошта, Вибер, СМС или на кој било друг начин што го дозволува уредот и кој клиентот го избира и ги дава своите податоци за контакт.

Личните податоци кои ги собира Трговецот за цели на реализација на Моби ПОС трансакција и доставување на потврдата за направената трансакција до клиентот, може да ги обработува само за целта за која се собрани, притоа е должен да ја штити доверливоста на податоците и има обврска да применува

соодветни технички и организациски мерки за безбедност на обработката на личните податоци вклучувајќи и заштита од неовластена или незаконска обработка.

**Која е целта на обработката на лични податоци?**

**Цел на обработката на лични податоци:**

Халк банка во својство на Контролрот, обработува лични податоци во рамки на користење на Халк Моби ПОС апликацијата со цел:

- Овозможување безготовински плаќања со платежни картички;
- Обработка и евиденција на трансакции;
- Верификација и авторизација на плаќања;
- Спречување измами и злоупотреби;
- Усогласување со законски обврски (финансиска регулатива, спречување перење пари, даночни прописи);
- Техничка поддршка и одржување на апликацијата.

**Кои лични податоци ги обработуваме и како ги добивме?**

При извршување на бесконтактни плаќања преку Халк Моби ПОС обработуваме исти лични податоци како и при плаќања на обичен ПОС терминал, односно за носителот на платежната картичка ги обработуваме следните категории на лични податоци:

- Маскиран PAN број на платежната картичка со која клиентот врши плаќање – последни 4 броеви од картичка)
- Износ на трансакција
- Време и датум на трансакција
- Назив на правно лице каде е изршено плаќањето.

Податоците за картичката (освен последните 4 броја од ПАН бројот на платежната картичка) не се зачувуваат на уредот на кој што е инсталирана апликацијата Халк Моби ПОС, единствено се пренесуваат во моментот на извршување на платежната трансакција. Мобилните оператори не добиваат податоци за плаќањата или платежните картички.

**Категории на лични податоци, правен основ и цел за која ги обработуваме Вашите лични податоци**

1. **Цел на обработката:** Вршење плаќања со преку Халк Моби ПОС
   **Правен основ:** Закон за платежни услуги и платни системи, а во врска со членовите 9 и 10 од од Законот за заштита на личните податоци
   **Категории на податоци кои се пренесуваат до банката во моментот на извршување на платежната трансакција:**
   - број на картичка (PAN)
   - датум на важност на картичката
   - износ на трансакција
   - вид на трансакција
   - валутен код и код на авторизација
   - назив и шифра на Трговецот каде е извршено плаќањето
   - ИД број на Халк Моби ПОС уредот
   - адреса на трговецот,
   - датум и време на плаќање .
2. **Цел на обработката:** Превенција и откривање на измами - при процесирање на трансакциите од страна на банката (позадинско работење)

**Правен основ:** Почитување на законските обврски и прописите за спречување перење пари и финансирање на тероризам, прописите за даноци, законските обврски согласно Законот за платежни услуга и платни системи, како и член 10 став (1) алинеја 3 од Законот за заштита на личните податоци: обработката е потребна за исполнување на законска обврска на контролрот.
**Категории на податоци:**
- број на картичка (PAN)
- датум на важност на картичката
- износ на трансакција
- вид на трансакција
- валутен код и код на авторизација
- назив и шифра на Трговецот каде е извршено плаќањето
- ИД број на Халк Моби ПОС уредот
- адреса на трговецот,
- датум и време на плаќање.

3. **Цел на обработката:** Обезбедување техничка поддршка на клиентите (Хелп 24)
**Правен основ:** Легитимен интерес на Банката за спречување на појава на материјална штета и поддршка на клиентите – член 10 став (1) алинеја 6 од Законот за заштита на личните податоци (обработката е потребна за исполнување на легитимните интереси на контролрот) и поддршка на клиентот – по остварување повик, контактирање (барање на клиентот).
**Категории на податоци:**
- број на картичка (PAN)
- датум на важност на картичката
- износ на трансакција
- вид на трансакција
- валутен код и код на авторизација
- назив и шифра на Трговецот каде е извршено плаќањето
- адреса на трговецот,
- датум и време на плаќање.

## Безбедносни мерки

Моби ПОС апликацијата е дизајнирана со високи безбедносни стандарди во согласност со стандардите за безбедност на податоци на индустријата за платежните картички (PCI DSS), воспоставени со платежните шеми Visa и Mastercard и се засновани на EMV технологија.

Располагањето на Банката со податоците до кои ќе дојде во текот на давањето на платежните услуги, како и прибирањето и обработката на личните податоци се врши во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на деловната тајна, банкарската тајна и прописите за заштита на лични податоци, како и интерните акти на Банката, донесени согласно овие прописи. Банката ги обработува личните податоци почитувајќи ги едновремено сите начела поврзани со обработката на личните податоци и регулативата, за цели на реализација на платежната трансакција, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обзбедување на тајност и за заштита на обработката на податоците.

Мобилната апликација Халк Моби ПОС е дизајнирана согласно високи безбедносни стандарди. Банката, исто така, имплементира низа технички и организациски мерки за заштита, со цел да се обезбеди соодветно ниво на безбедност на обработката на податоците и приватноста на Корисникот, користејќи, меѓу другото, следните докажани технологии и безбедносни мерки, меѓу кои и:

Шифрирана комуникација - Комуникацијата помеѓу мобилната апликација и серверот на Банката е шифрирана (криптирана). Користиме HTTPS протокол за енкрипција). Ова овозможува безбеден пренос на податоци од Халк Моби ПОС до централниот систем на Банката без било каков пристап од трети страни.

Заштитата на податоците собрани од корисниците е организирана и имплементирана во согласност со законските прописи и во согласност со најдобрите практики. Имплементиравме физички и логички мерки за заштита на податоците. Мерките за заштита редовно се прегледуваат и ревидираат за да се заштитат од неовластен пристап, откривање и неправилна употреба на податоците и да се одржи точноста и интегритетот на тие податоци.

**Кои се корисниците на Вашите податоци?**

Вашите лични податоци ги обработуваат и нашите обработувачи (со кои имаме склучено соодветни договори), имено - оперативниот обработувач на плаќања давателите на ИТ услуги и давателите на услуги за архивирање. Склучивме соодветни договори за обработка на лични податоци со сите обработувачи, во кои ги обврзуваме на истиот стандард на заштита на лични податоци кој што го обезбедува и банката. Доколку се исполнети законските услови при конкретни случаи и доколку постои конкретна законска обврска или легитимен интерес на Банката, податоците може да бидат откриени на корисници кои согласно закон се овлстени да вршат обработка на тие лични податоци.

**Пренос на лични податоци**

Дел од личните податоци кои што ги собираме за Вас, може да бидат пренесени во земји членки на Европската Унија (ЕУ), членки на НАТО или Европскиот економски простор (ЕЕП), при што Халк банка како отчетен Контролор ќе го извести надзорниот орган за заштита на личните податоци (Агенцијата за заштита на личните податоци), а притоа Халк банка продолжува да ги штити Вашите лични податоци, со применна на соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на обработката на личните податоци, а во согласност со прописите за заштита на личните податоци со кои се уредува преносот на лични податоци. Исто така, дел од Вашите лични податоци кои што ги собираме, може да бидат пренесени во Халк банка Турција, при што истото се врши во согласност со Политиката за приватност, интерната документација на Банката, склучените договори и Законот за заштита на личните податоци.

Доколку се јави потреба, за пренос на лични податоци во други земји кои не се членки на ЕУ, ЕЕП и НАТО, обезбедуваме заштита на Вашите лични податоци со примена на соодветни заштитни мерки за заштита во однос на обработката на лични податоци во врска со преносот, а во согласност со прописте за заштита на личните податоци.

**Колку долго ги чуваме Вашите податоци?**

Вашите лични податоци кои ги собираме, се чуваат и обработуваат во согласност со закон, не подолго од она што е потребно за исполнуввање на целите за кои се обработуваат. Рокот на чување на личните податоци се уредува со закон (пр.десет години од престанокот на деловниот однос со клиентот или од датумот на извршување на повремена трансакција согласно Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам; десет години по истекот на календарската година во која е затворена платежната сметка, се извршени трансакциите или се евидентирани промените на платежните сметки согласно Законот за платежни услуги и патни системи).

По истекот на утврдените рокови на чување и исполнувањето на целта за која се собрани личните податоци (доколку не постои правен основ или законска обврска за чување на податоците), личните податоци се бришаат, уништуваат или анонимизираат со отстранување на сите информации кои може да Ве идентификуваат, а во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

**Кои се Вашите права како субјекти на лични податоци?**

Како субјекти на лични податоци, согласно Законот за заштита на личните податоци, Вие ги имате следните права:

- Право на информираност за обработката на Вашите лични податоци
- Право на пристап
- Право на исправка и бришење на личните податоци

- Право на ограничување на обработката на личните податоци
- Право на приговор.

Доколку Ви се потребни дополнителни информации во однос на остварувањето на Вашите права како субјекти на лични податоци, можете да го контактирате нашиот офицер за заштита на личните податоци на: Privacy.Officer@halkbank.mk.

Исто така, дококу сметате дека ги обработуваме Ваште лични податоци на начин кој не е во согласност со прописите за заштита на личните податоци, можете да поднесете барање до надзорниот орган за заштита на личните податоци во РС Македонија – Агенцијата за заштита на личните податоци ( www.azlp.mk ).

Повеќе информации за остварување на Вашите права како субјекти на лични податоци, како и инфорамции во однос на обработката на лични податоци, можете да најдете во нашата Политика за приватност: halk_politika_za_privatnost.pdf.

Информациите за обработка на лични податоци при користење на Халк Банк Моби ПОС се објавени на 12.02.2026 година.